РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr 02-4545/8
20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP
22-08-2023

Друштво за производство, трговија и услуги
ИВСОФТ ДИЗАЈН 2020 ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 014/2023
24.08 2023 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Услуги за одржување, промени и надградби во информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој**

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за труд и социјална политика**, со седиште на ул. „Даме Груев„ бр.14 Скопје, претставувано од Министер Јованка Тренчевска, во понатамошниот текст: Договорен орган, од една страна и

2. **Друштво за производство, трговија и услуги ИВСОФТ ДИЗАЈН 2020 ДООЕЛ**, со ЕМБС 7410980 седиште на ул.„Алексо Демниевски 1" бр.7 Скопје, Ѓорче Петров, претставувано од управител Никола Србиноски, (во понатамошниот текст „Носител на набавката") од друга страна.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка од мала вредност за услуги во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката ( Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи ) кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-4545/1 од 19.06.2023 година, Одлука за избор на најповолен понудувач со архивски број 02-4545/5 од 16.08.2023 година, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Предмет на овој договор се услуги за одржување, промени и надградби во информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој.

Одржувањето на информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој треба да вклучи:

1. Разрешување на сите ситуации во кои информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој нема да работи или ќе има сериозна деградација во перформансите;
2. Прилагодување на информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој заради олеснување на работењето;
3. Креирање на сите неопходни извештаи што ќе бидат побарани од Министерството за труд и социјална политика;
4. Решавање на сите проблеми кои ќе произлезат од секојдневната употреба на извештаите и комплетниот информационен систем;
5. Архивирање на претходните години;
6. Превентивно одржување на информациониот систем, посебно во смисла на системски логови, логови во базата на податоци и апликациски логови;
7. Детектирање на багови, грешки и неисправности (troubleshooting) и разрешување на истите;
8. Имплементација на нови функционалности и подобрувања на постојни поради промени во законодавството или деловните процеси во Министерството за труд и социјална политика, градинките и центрите за ран детски развој;
9. Системска администрација која вклучува и инсталација на апдејти и апгрејди на системските софтвери и апликацијата, во координација со вработените одделение за планирање, поддршка и развој на информациски и комуникациски систем од Министерството за труд и социјална политика;
10. Разрешување на проблеми со управување со корисници.

**Надградбата на информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој треба да вклучи:**

- инсталирање системски софтвер (SQL server, IIS, Angular, ASP.NET,...) кој е неопходен за нормална работа на информациониот систем
- инсталирање на апликацијата во апликацискиот сервер
- мигрирање на базата на податоци во новиот систем за управување со релациони бази на податоци
- соодветни тестови за да се провери дека сè работи како што треба и до Министерството за труд и социјална политика се доставува детален извештај за сработеното. Прифаќањето на овој извештај од вработените во Министерството за труд и социјална политика е основ за плаќање на фактурата за завршената работа.

После надградбата на информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој сите функционалности мора да се задржат на исто ниво во поглед на квалитет и брзина или да се подобрат.

**Како дел од надградбата треба да се направи:**

1. Веб интерфејс преку кој вработени во Министерството за труд и социјална политика ќе можат да префрлаат едно, повеќе или сите деца од една во друга воспитна група, објект или градинка. Овој веб интерфејс треба да овозможи и префрлање на децата од една воспитна група во следната по возраст воспитна група.
2. Кога директорите или инспекторите прават увид не може да се утврди кој ден е реализирана активноста. После надградбата на информациониот систем, треба да може да се видат податоците за тоа кога одредена активност е реализирана.
3. После надградбата треба да може вработените да се групираат во групи (на пример технички кадар, администрација, згрижувачко воспитен кадар, стручни работници и стручни соработници за полесно администрирање.
4. На веб формите за
    - прием на апликација;
    - внесување во листа на чекање;
    - распоредување во група и
    - испис на дете

да се додаде поле за пребарување за побрзо наоѓање на детето, односно детето да не се бара со прелистување по воспитните групи како што е сега.

5. Проширување на системот во делот на следење на развојот на детето (досие на дете), односно периодот кој е ставен од 4-6 години да биде поделен на два периода од 4-5 и од 5-6 години, бидејќи сега ако се внесе постигања на 4 годишно дете наредната година кога е од 5-6 не дозволува влегување и чекирање на листата).
6. Кога ќе се затвори педагошка година нема пристап за податоците за таа година. Еден од проблемите е за децата со попреченост а и за другите деца развојот не може да се види и да се следи.

## ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е македонски јазик.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вредноста на овој договор за одржување на информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој изнесува 300.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност изнесува 54.000,00 денари.

Вкупната вредност на овој договор за одржување на информационот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој со пресметан данок на додадена вредност изнесува 354.000,00 денари.

Вредноста на договорот за надградба на информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој изнесува 180.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност изнесува 32.400,00 денари.

Вкупната вредност на овој договор за надградба на информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој со пресметан данок на додадена вредност изнесува 212.400,00 денари.

| **Опис на услугата** | **Период** | **Ед.мерка** | **Количина** | **Ед.цена без ДДВ (работен час за одржување / Ед.цена без ДДВ за целосна надградба** |
|---|---|---|---|---|
| набавка на услуги за одржување на информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој | 12 месеци | Работен час | 1 | 2.700,00 |
| набавка на услуги за надградба на информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој | 2 месеци | Целосна надградба | 1 | 180.000,00 |

## НАЧИН И УСЛОВИ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Носителот на набавката е должен да ја реализира услугата континуирано во период од една година (12 месеци), согласно барањата и условите од техничката спецификација и склучениот договор.

Информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој е изграден во технологии од Microsoft:

i. Microsoft Windows Server;
ii. Internet Information Services;
iii. Microsoft SQL
iv. Microsoft dotNET

Информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој е изграден од два сервери: апликациски сервер (application server) и податочен сервер (database server).

Барањата за одржување на информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој може да бидат испратени по електронска пошта или телефон во периодот од 07:30 до 16:30 часот секој работен ден во седмицата (од понеделник до петок).

За секоја активност која ќе биде дел од извршувањето на договорот за одржување, носителот на набавката ќе испорача детален извештај со комплетни технички детали за извршените промени и надградби во информациониот систем за електронска педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој, како и препораки што да се преземе за во иднина да не се појавуваат слични проблеми. Прифаќањето на овие извештаи ќе биде предуслов да се прифатат барањата за плаќање на секое поединечно барање за одржување.
Надградбата на информациониот систем треба да биде комплетно завршена за најмногу 2 (два) месеци од денот на прием на налогот за да се пристапи кон нејзина реализација. Со налогот ќе се бара извештај (план) за реализација на надградбата по датуми и периоди во рамки на тој даден рок од два месеци.
Лицето одговорно за следење на реализацијата на овој договор, ќе треба да ја следи реализацијата на надградбата на системот и да не дозволи премин кон спроведување на понатамошните чекори се додека во рамки на определените рокови претходните чекори не се завршени. Завршените чекори се презентираат од страна на одговорното лице кај носителот на набавката и се тестираат дали функционираат исправно. Извештајот за начинот на реализација на надградбата, Носителот на набавката го доставува во рок од три дена од денот на испраќање на налогот по електронска пошта и истиот содржи план со чекори за надградба на системот со образложение на чекорот и крајниот датум до кога ќе биде завршен во рамки на главниот рок од два месеци.
Како ќе се реализираат понатамошните чекори во рамки на планот се врши тестирање и на веќе завршените чекори со цел да се види дали и понатаму истите се функционални.

Во следната табела е прикажано максималното време за одговор на повик или време од пријавување на потребата за услуга до интервенција преку далечински пристап (доколку е тоа возможно) или појавување на лицето-одржувач на софтверската апликација на лице место за да преземе активности за отстранување на грешките:

| Приоритет | Дефиниција | Време на одговор | Време на решавање |
|---|---|---|---|
| A | Фатални грешки | 1 час | 6 часа |
| B | Сериозни грешки | 2 часа | 8 часа |
| C | Минорни грешки | 8 часа | 3 дена |

A. Фатални грешки - Грешки кои го спречуваат функционирањето на повеќето процеси во системот.
B. Сериозни грешки – Оневозможени функционалности кои се потребни за извршување на процесите со првични побарувања за перформанси.
C. Минорни грешки – Грешки кои попречуваат некои активности кои не се критични за процесите.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Договорот е со важност од 1 ( една ) година од моментот на потпишувањето на двете договорни страни.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Начин на плаќање е во рок до 60 дена од денот на прием на фактурата во Архива на Министерство за труд и социјална политика.

Рокот на плаќање започнува од денот на доставување на фактура во Архивата на Министерството за труд и социјална политика.

## ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Навременото и квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува 10% од вкупната вредност на договорот со ДДВ.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосно реализирање на договорот. Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот Носителот на набавката ја доставува најдоцна во рок до 7 (седум) дена од потпишувањето на договорот. Потпишаниот договор без доставена банкарска гаранција ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.

За неисполнување на договорните обврски од страна на Носителот на набавка, Договорниот орган има право да ја активира и наплати Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 8

Носителот на набавката е должен да постапува согласно барањето доставено од одговорното лице за следење на реализација на договорот кај договорниот орган како и врз основа на доставената понуда и утврдена техничка спецификација.

Член 9

Носителот на набавката врз основа на добиеното барање, сукцесивно во зависност од потребата на Договорниот орган се обврзува да ги извршува услугите предмет договорот.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 10

Договорниот орган се обврзува дека ќе врши исплата на цената за извршените услуги на начин определен со овој Договор.

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Танче Ѓеорѓиевски, или друго лице овластено од Министер.

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕУРЕДНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Член 11

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ја изврши обврската во роковите определени во овој договор, истиот е согласен на договорна казна. Носителот на набавката се обврзува да плати пенали во висина од 5 (пет) промили од вредноста на неизвршената услуга за неисполнување или неуредно и задоцнето исполнување, но износот на пеналите не може да биде поголем од 5% од вредноста на овој Договор.

Договорниот орган пресметката на договорната казна од став 1 на овој член ќе ја одбие од цената на услугата определена во член 3 од овој договор.

Доколку Носителот на набавка ненавремено ги извршува услугите кои се предмет на набавка, Договорниот орган има право да ја наплати и Гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на договорот.

## ВИША СИЛА

Член 12

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините на Виша сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заедничко прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 13

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 14

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат спорот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 15

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член16

Кога Носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска, во тој случај Договорниот орган, може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штета и активирање на банкарска гаранција дури и да не даде дополнителен рок за извршување на услугата.

Член 17

Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган има право да му даде дополнителен рок за исполнување на обврската.

Дополнителниот рок може да се даде само во случај кога Договорниот орган не трпи штета и во тој случај нема да се бара надомест на штета и да се активира банкарска гаранција.

Член 18

Ако носителот на набавката не ја исполни својата обврска во определениот рок / дополнителниот рок, Договорниот орган може да го раскине договорот, да ја активира банкарската гаранција, да бара надомест на штета и договорна казна.

Во случај на раскинување на договорот поради неисполнување на обврските во определениот рок и во дополнителниот рок, Договорниот орган има право на надомест на штета, договорна казна и право да ја активира банкарската гаранција.

## ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Договорот стапува во сила со денот на депонирањето на оригинална банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот кај Договорниот орган од страна на Носителот на набавката.

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс кон договорот, согласно Законот за јавни набавки и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Договорните страни немаат право своите обврски да ги пренесат на трета страна, без взаемна писмена согласност и согласно Законот за јавни набавки.

Овој Договор е изработен во 4 (четирит) еднообразни примероци од кои 2 (два) за Носителот на набавката и 2 (два) за Договорниот орган.

| | |
|---|---|
| **МИНИСТЕР** | **УПРАВИТЕЛ** |
| Јованка Тренчевска | Никола Србиноски |
| **Договорен орган** | **Носител на набавката** |

Изготвил: Благица Мирчевска, Раководител на одделение

Согласен: Славица Костовска, Раководител на сектор

Одобрил:Љубица Панова, Раководител на сектор